| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Зимски радости |
| **Содржина на денот** | Бела приказна |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | М-р. Сања Алексоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Започнете го денот со разговор за зимска облека. Разговарајте со детето додека ги правите вообичаените рутински хигиенски активности за тоа како топлата облека го заштитува нашето здравје. |
| **Активности** | Активноста започнува со разговор за шумските животни и нивната подготовка за во зима. Разговарајте и за подготовката на луѓето во зима.<br>Прочитајте го текстот подолу на сликата „Бела приказна“. Водете разговор со детето и поставувајте прашања за важните активности на ликовите во текстот. Додека детето ви дава одговор, настојувајте да формира целосни реченици.<br>Понудете му на детето избор што сака да работи, да црта или да слика зима (илустрација на текстот) или да изработувате куќичка за врапчето. Активностите траат додека детето покажува интерес за активно учество.<br>За крај можете да ја прочитате стихотворбата: „Топла облека“ при тоа подготвувајќи се за прошетка. Именувајте ги деловите на топла облека (ракавици, шал, капа) додека се подготвувате за надвор. |